# Снимање во клиниките за дојки

**Информации за жените на кои им се прави ултразвук или мамограм**

Лекарот специјалист од клиниката за дојки (Breast Clinic) ве испраќа на тестови за да ги утврди причините за промените на дојките.

Тестовите кои ќе ги објасниме во оваа брошура се наречени снимање, зашто се прават со правење **снимки** (images) на дојките. Снимките ќе помогнат да се видат израслините или други промени на дојките. Овде ќе објасниме два вида на снимање:

- **Мамограм**
- **Ултразвук**

Лекарот специјалист ќе разговара со вас кој вид на снимање ви е потребен.

Жените честопати се загрижени дека промените на дојките може да бидат рак. Иако промените кои ние ги испитуваме може да бидат непријатни, болни или загрижувачки за жената тие ретко се заболување од рак. Постојат многу причини за невообичаени промени на дојките, и повеќето од нив не се опасни или штетни. Знаеме дека сте загрижени и ќе настојуваме да ги имате резултатите колку што е можно побрзо.

Некои жени се загрижени и за тестовите кои се прават. Мамограмот и ултразвукот не се опасни и обично не се непријатни. Оваа брошура ќе ви пружи некои основни информации за снимањето. Ако имате некои прашања пред снимањето, јавете се на сестрата за дојки (Breast Care Nurse) на главниот телефонски број на болницата. Можете да го прашате и лекарот специјалист, сестрата или радиологот на денот на снимањето.

## Мамограм

Тоа е снимање на дојките со x-зраци. Обично се прават најмалку две снимки од секоја дојка. Радиологот ќе ја постави дојката цврсто меѓу две рамни плочи на рентген апаратот во траење од една минута. Тоа може да биде непријатно, меѓутоа ако е болно кажете му на радиологот.

## Ултразвук

При ова снимање се користат звучни бранови за да се добие слика на мекото ткиво на дојките. Апаратот е сличен на оној со кој се гледаат бебињата кај бремените жени. Се состои од сонда во вид на микрофон. Таа е поврзана со компјутер. Техничарот или специјалистот ќе стави проѕирен гел на дојките и потоа нежно ќе ја движи сондата по дојките, запирајќи да направи снимки. Ултразвукот обично трае 30 минути и не боли.

## Резултатите од мамограм и ултразвук

Најмалку еден специјалист радиолог ќе ги погледне сите снимки од мамограм или ултразвук. Тој ќе испрати извештај до вашиот лекар специјалист во клиниката за дојки (Breast Clinic).

Некогаш снимките не се доволно јасни и треба повторно да се направат. Другпат, специјалистот може да одбележи дел од снимката за повторна проверка. Сето тоа се прави за да се добие точна дијагноза. Тоа не значи дека има некој проблем.

Вие ќе треба да се јавите на повторен преглед за да разговарате за резултатите од снимањето со специјалистот. Резултатите не ги соопштуваме преку телефон. Со ваша дозвола ќе го известиме и вашиот општ лекар за резултатите.

*Оваа брошура е напишана за жените кои биле на преглед кај специјалист за дојки. Не е наменета како замена за совет на квалификуван лекар.*

**DISCLAIMER** The Royal Women's Hospital does not accept any liability to any person for the information or advice (or use of such information or advice) which is provided in this fact sheet or incorporated into it by reference. We provide this information on the understanding that all persons accessing it take responsibility for assessing its relevance and accuracy. Women are encouraged to discuss their health needs with a health practitioner. If you have concerns about your health, you should seek advice from your health care provider or if you require urgent care you should go to the nearest hospital Emergency Department. © The Royal Women's Hospital, November 2003. Reviewed December 2012